Врз основа на член 71 став 2 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри ("Сл.весник на РМ", број 10/97, ), министерот за финансии донесува

# НАРЕДБА

## за видот и обликот на жигот за технички исправните автомати за игри на среќа и апарарати за забавни игри

**("Сл.весник на РМ", број 10/97)**

**Важи од 25.04.1997 година**

### Член 1

Со оваа наредба се пропишуваат видовите и обликот на жиговите што се употребуваат при прегледот на автоматите за игри на среќа и апаратите за забавни игри.

### Член 2

Жиговите што се употребуваат при прегледот на автоматите за игри на среќа и на апаратите за забавните игри се:

- Основен жиг за потврдување на техничка исправност на автоматите за игри на среќа.
- Основен жиг за потврдување на техничка исправност на апаратот за забавни игри.
- Годишен жиг за потврдување на исправноста на автоматите за игри на среќа.
- Тригодишен жиг за потврдување на техничката исправност на апаратот за забавни игри.

### Член 3

Жиговите кои се употребуваат за техничка исправност на автоматите за игра на среќа и забавни игри се со следниот облик:

- Основниот жиг за потврдување на техничка исправност на автоматот за игри на среќа има облик на круг со пречник од 10 мм во кои се наоѓа рамнокрака вага со висечки тасови, а над вагата е ознаката “М”.

- Основниот жиг за потврдување на техничка исправност на апаратите за забавни игри има облик на круг со пречник од 8 мм во кои се наоѓа рамнокрака вага со висечки тасови, а над вагата е ознаката “М”.
- Годишниот жиг кај автоматите за игри на среќа има облик на штит околу кој може да се опише круг со пречник од 10 мм. Во горниот дел се наведува годината во која е извршен прегледот, а во долниот дел е ознаката “М”.
- Тригодишниот жиг кај апаратите за забавни игри има облик на штит околу кој може да се опише круг со пречник од 8 мм.Во горниот дел се наведува годината во која е извршен прегледот, а во долниот дел е ознаката “М”.

**Член 4**

Видовите и облиците на жиговите се дадени во прилогот,кој преставува составен дел од оваа наредба.

**Член 5**

Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**Бр.10-3387/1**

**Скопје, 15 април 1997 година**

**Министер за финансии**

**Д-р Таки Фити,с.р**